**20240290696**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 37 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.254/24) и член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2025 ГОДИНА

I

Средствата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година во вкупен износ од 840.000.000 денари се обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.254/24), Раздел 14004-Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Агенцијата), Програма 2-Финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Потпрограма 20-Финансиска поддршка во земјоделството, Ставка 464-Разни трансфери во износ од 720.000.000 денари и Потпрограма 2А-Финансиска поддршка на рурален развој, Ставка 489–Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 120.000.000 денари.

II

(1) Дел од средствата од делот I од оваа програма во износ од 271.000.000 денари ќе се користат за следните мерки за финансиска поддршка на руралниот развој:

| **Код на мерка** | **Назив на мерка** | **Износ (во денари)** |
|---|---|---|
| 111 | Обука и информирање на земјоделските производители | 10.000.000 |
| 112 | Помош за млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност | 17.000.000 |
| 113 | Поддршка за поттикнување на земјоделско производство | 1.500.000 |
| 115 | Поддршка за активен женски член во земјоделско домаќинство | 1.000.000 |
| 121 | Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства | 50.000.000 |
| 122 | Инвестиции за зголемување на економската вредност на шумите | 54.000.000 |
| 124 | Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди | 23.000.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 126 | Инвестиции за реструктуирање на земјоделски стопанства | 10.000.000 |
| 131.1 | Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност-разни трансфери | 3.000.000 |
| 131.2 | Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност- капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 14.500.000 |
| 213 | Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики | 50.000.000 |
| 214 | Помош за вршење на земјоделска дејност за заштита и унапредување на животната средина | 34.000.000 |
| | -активности за воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните земјоделски растенија и обезбедување на задолжителни генетски резерви (214.1) | 2.000.000 |
| | -воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните раси на добиток и чување и обезбедување на задолжителни генетски резерви на автохтони раси на добиток (214.2) | 12.000.000 |
| | -зачувување на генетската разновидност на автохтоните раси на добиток (говедо-буша, овца- праменка (каракачанска, овчеполска и шарпланинска овца), коза–балканска коза, куче–овчарско куче шарпланинец, овчарско куче караман и бивол – домашен бивол) (214.3) | 20.000.000 |
| 322 | Обнова и развој на селата | 2.000.000 |
| 412 | Воспоставување на локални акциски групи (во натамошниот текст: ЛАГ) | 500.000 |
| 413 | Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини | 500.000 |
| **ВКУПНО МЕРКИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ** | | **271.000.000** |

(2) Дел од средствата од делот I од оваа програма во износ од 560.480.000 денари ќе се користат за следните мерки за техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој:

| | | |
|---|---|---|
| **1.Техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој** | | **539.480.000** |
| 1.1 | Промотивни активности од областа на земјоделството и руралниот развој во Република Северна Македонија | 30.000.000 |
| 1.2 | Учество на саеми и организација на промотивни настани вон Република Северна Македонија | 61.000.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.3 | Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи | 38.280.000 |
| | Трошоци за изработка на елаборати и спецификации за регистрација и заштита на називот на земјоделските и прехранбените производи со ознака за потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет (1.3.1) | 3.000.000 |
| | Трошоци за учество на меѓународни и регионални натпревари за вино на кои е освоена специјализирана награда, златен и сребрен медал (1.3.2) | 5.880.000 |
| | Трошоци за организирање на трговски, студиски и медиумски посети во Република Северна Македонија (1.3.3) | 2.000.000 |
| | Закуп на медиумски простор за објава на статии за македонски производи во странски специјализирани списанија за храна и вино (1.3.4) | 1.000.000 |
| | Трошоци за амбалажа за земјоделски производи и преработени земјоделски производи (1.3.5) | 11.000.000 |
| | Трошоци за дизајн и изработка на информативни и промотивни материјали од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството и закуп на медиумски простор за објава на истите (1.3.6) | 15.000.000 |
| | Трошоци за воспоставување на веб страна за органска храна www.organskahrana.mk (1.3.7) | 200.000 |
| | Трошоци за воспоставување на веб страна за мали производители на вино www.malivinarii.mk (1.3.8) | 200.000 |
| 1.4 | Изработка и публикување на едукативни, информативни, научни, пропагандни и стручни материјали, публикации и списанија | 1.000.000 |
| 1.5 | Спроведување на истражувања, изработка на анализи, предлог-проекти, студии и стратешки документи од областа на земјоделството и руралниот развој | 5.000.000 |
| 1.6 | Инвестициони вложувања за воспоставување на научно-демонстративни примери | 60.000.000 |
| 1.7 | Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој | 344.200.000 |
| | Трошоци за набавка на хардвер и софтвер, воспоставување, одржување и надградба на регистри и бази на податоци кои ги води | 59.000.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: Министерството) (1.7.1) | |
| | Трошоци за набавка на хардвер и софтвер, трошоци за набавка на компјутерска и информатичка опрема, трошоци за воспоставување и одржување на регистри и бази на податоци кои ги води Агенцијата (1.7.2) | 25.000.000 |
| | Трошоци за информирање на корисниците за мерките за финансиска поддршка во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој кои ги спроведува Агенцијата (1.7.3) | 3.000.000 |
| | Трошоци за информирање на корисниците за мерките за финансиска поддршка во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството, Програма за финансиска поддршка во органско земјоделско производство и Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој кои ги спроведува Министерството (1.7.4) | 6.000.000 |
| | Инвестициони вложувања за санација на метеоролошки станици, како и трошоци за набавка на хардвер и софтвер за хидрометеоролошка опрема и радарски систем и набавка на мали метеоролошки станици (1.7.5) | 17.500.000 |
| | Услуги за авионско засејување на облаците за превенција од природни непогоди, неповолни климатски настани врз земјоделски посеви (1.7.6) | 21.900.000 |
| | Трошоци за организирање на работилници и промотивни кампањи од областа на земјоделството и руралниот развој (1.7.7) | 2.000.000 |
| | Инвестиции за подобрување на генетскиот потенцијал на млечни крави во Република Северна Македонија преку употреба на сексирано семе и ембрио-трансферот (1.7.8) | 32.000.000 |
| | Трошоци за ревитализација, реорганизација, зајакнување и обновување на конзервативниот материјал за автохтони сорти растенија (1.7.9) | 16.000.000 |
| | Трошоци за изработка на нови проекти, ревизија, ажурирање и дополнување на постојани проекти за водостопанство (1.7.10) | 20.800.000 |
| | Трошоци за ревизија, ажурирање и дополнување на постојната физибилити студии со идејни проекти (1.7.11) | 9.000.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | Техничка помош за одржување на системите за наводнување и одводнување (1.7.12) | 132.000.000 |
| 2 | Субвенционирање на каматна стапка | 20.000.000 |
| 3 | Активности на Националната рурална мрежа | 1.000.000 |
| **ВКУПНО ЗА МЕРКИ ЗА ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ** | | **560.480.000** |

(3) Дел од средствата од делот I од оваа програма во износ од 120.000 денари се наменети за утврдување на производна цена на винско грозје согласно член 22 од Законот за виното (*).

(4) Дел од средствата од делот I од оваа програма во износ од 8.400.000 денари се наменети за Фондот за иновации и технолошки развој согласно член 26 од Законот за иновациска дејност.

III

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 111 „Обука и информирање на земјоделските производители" од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 66, 91 и 92 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка за организирање и одржување на професионална обука за стекнување вештини и информативни сесии за усовршување и оспособување на земјоделските производители, преку одржување на курсеви, семинари, предавања, посети на земјоделски и шумски стопанства, работилници и индивидуално учење, особено за следните области:

- успешно организирање и раководење на земјоделското стопанство;
- воведување на дополнителни дејности на земјоделско стопанство;
- воведување и употреба на современи технолошки достигнувања и иновативни практики;
- трансфер на знаења за постигнати научно – истражувачки резултати;
- користење на информатички технологии за земјоделско производство;
- примена на пропишани стандарди од областа на заштитата на животната средина, заштита на здравјето на луѓето, заштита и на здравјето на растенијата, заштита на здравјето и благосостојбата на животните и примена на хигиенски пракси;
- примена на мерките за поддршка за вршење на земјоделски производни практики за заштита и унапредување на животната средина и руралните предели и
- воведување на земјоделско производство со примена на повисоки стандарди за квалитет.

(2) Висината на поддршката од ставот (1) на овој дел изнесува 100% од вредноста на прифатливите и направените трошоци.

(3) Поддршката од ставот (1) на овој дел може да се додели во вид на авансна исплата до 40% од вкупната вредност на одобрениот износ, а остатокот се исплаќа соодветно по секоја реализирана обука или информативна сесија врз основа на реалниот број на учесници.

(4) Корисник на поддршката од ставот (1) на овој дел е давателот на обуката или на други форми на трансфер на знаење и активности за информирање.

(5) Поддршката од ставот (1) на овој дел е наменета за земјоделските стопанства регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства (во натамошниот текст: ЕРЗС).

IV

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 112 „Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност“ од оваа програма се спроведуваат како неповратна финансиска поддршка за започнување со земјоделска дејност на млади земјоделци, кои за прв пат започнуваат да се занимаваат со земјоделска дејност преку преземање на постоечко земјоделско стопанство или со воспоставување на ново земјоделско стопанство согласно членовите 67, 91 и 92 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(2) Поддршката од ставот (1) на овој дел се доделува на млади земјоделци на возраст од 18 до 40 години кои поднеле барање не подоцна од 18 месеци од денот на запишувањето на новото земјоделско стопанство или промената за истото во ЕРЗС.

(3) Поддршката од ставот (1) на овој дел може да се додели во вид на авансна исплата до 40% од вкупната вредност на одобрениот износ, а остатокот се исплаќа по реализација на инвестицијата.

(4) Земјоделските стопанства кои се корисници на ИПАРД програмата за ист тип на инвестиција, не можат да бидат корисници на финансиска поддршката од став (1) на овој дел.

(5) Земјоделските стопанства кои биле корисници на мерката од ставот (1) на овој дел од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години, не можат да бидат корисници на оваа мерка.

(6) Доколку намената на инвестицијата согласно одобрениот деловен план предвидува преработка на земјоделски производи, корисниците на оваа мерка треба да ја евидентираат дејноста во Агенцијата за храна и ветеринарство по реализација на инвестицијата.

(7) Дел од средствата од ставот (1) на овој дел во износ од 6.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски за реализација на мерката 112 „Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност“ од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

V

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 113 „Поддршка за поттикнување на земјоделско производство“ од оваа програма се спроведуваат како неповратна финансиска помош согласно членовите 67-а, 91 и 92 од Законот за земјоделство и рурален развој за зголемување на одржливоста на земјоделската дејност на семејните земјоделски стопанства.

(2) Поддршката од ставот (1) на овој дел се доделува на млади земјоделци на возраст од 18 до 40 години.

(3) Поддршката од ставот (1) на овој дел може да се додели во вид на авансна исплата до 40% од вкупната вредност на одобрениот износ, а остатокот се исплаќа по реализација на инвестицијата.

(4) Поддршката од ставот (1) на овој дел се реализира преку одобрен деловен план од страна на Агенцијата кој треба да предвидува инвестициони активности за модернизација на земјоделското стопанство за период од најмногу три години од денот на одобрување на поддршката.

(5) Висината на поддршката од ставот (1) на овој дел, може да изнесува до 1.200.000 денари.

(6) Поддршката од ставот (1) на овој дел се доделува на семејни земјоделски стопанства кои не користеле поддршка од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој согласно член 67 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(7) Доколку намената на инвестицијата согласно одобрениот деловен план предвидува преработка на земјоделски производи, корисниците на оваа мерка треба да ја евидентираат дејноста во Агенцијата за храна и ветеринарство по реализација на инвестицијата.

(8) Земјоделските стопанства кои се корисници на ИПАРД програмата за ист тип на инвестиција, не можат да бидат корисници на финансиска поддршка од став (1) на овој дел.

(9) Земјоделските стопанства кои биле корисници на мерката од ставот (1) на овој дел од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години, не можат да бидат корисници на оваа мерка.

(10) Дел од средствата од ставот (1) на овој дел во износ од 1.078.592 денари се наменети за неподмирени обврски за реализација на мерката 113 „Поддршка за поттикнување на земјоделско производство“ од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

VI

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 115 „Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство“ од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 90, 91 и 92 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка за инвестиции за набавка на опрема за преработка и/или доработка на примарни земјоделски производи и услуги за спроведување на деловниот план на инвестицијата.

(2) Поддршката од ставот (1) на овој дел се доделува на женски член на земјоделско стопанство запишано во ЕРЗС.

(3) Висината на поддршката од ставот (1) на овој дел изнесува до 360.000 денари по корисник.

(4) Земјоделските стопанства кои се корисници на ИПАРД програмата за ист тип на инвестиција, не можат да бидат корисници на финансиска поддршката од став (1) на овој дел.

(5) Земјоделските стопанства кои биле корисници на мерката од ставот (1) на овој дел од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години, не можат да бидат корисници на оваа мерка.

(6) Доколку намената на инвестицијата согласно одобрениот деловен план предвидува преработка и/или доработка на земјоделски производи, корисниците на оваа мерка треба да ја евидентираат дејноста во Агенцијата за храна и ветеринарство по реализација на инвестицијата.

VII

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 121 „Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства“ од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 70, 90, 91 и 94 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка, а поддршката претставува учество во нови инвестиции за следните намени:

- набавка на високостелни педигрирани јуници (со исклучок на јуници од расата буша), од увоз или од признати организации на одгледувачи регистрирани согласно член 6 од Законот за зоотехника (*);

- набавка на педигрирани машки и женски приплодни грла овци, од увоз или од признати организации на одгледувачи регистрирани согласно член 6 од Законот за зоотехника (*);

- набавка на педигрирани машки и женски приплодни грла кози од увоз или од признати организации на одгледувачи регистрирани  согласно член 6 од Законот за зоотехника (*);
- набавка на педигрирани свињи (нерези и назимки) чистокрвни или хибриди од увоз или од признати организации на одгледувачи регистрирани согласно член 6 од Законот за зоотехника (*);
- подигнување на нови повеќегодишни лозови и овошни насади, повеќегодишни насади со ароматични растенија и медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) на нови површини;
- набавка на пчелни матици и пчелни роеви од одобрени одгледувалишта согласно Законот за зоотехника (*);
- набавка на опрема во пчеларството;
- набавка на трактори;
- набавка на специјални комбајни за жнеење на ориз со сецкалици и/или мобилни сушари за ориз;
- набавка на машини за разбивање на мраз;
- набавка на системи против замрзнување;
-заштитни мрежи и заштитни фолии;
- набавка на опрема за систем за наводнување - капка по капка, конструкција на бунари и други зафати на површинска вода;
- набавка на комбајни за жито;
- набавка на опрема за производство на тутун и расад од тутун;
- инвестиции во опрема за производство на храна од животинско и/или неживотинско потекло од мал обем;
- инвестиции во опрема за производство на вино, алкохолни пијалоци и пиво од мал обем;
- набавка на силоси;
- набавка на опрема за навигација и смарт земјоделство на постоечки трактори, комбајни и приклучна механизација, хардвер и софтвер за примарно земјоделско производство;
- набавка на приклучна механизација;
- инвестиција во објекти на фарми за обновливи извори на енергија за сопствена потрошувачка, за потребите на објектот и
- инвестиции во опрема за воспоставување на електрични огради во пчеларник за заштита од дивеч.

(2) Краен рок за поднесување на барања за исплата на поддршката од ставот (1) алинеи 1, 2, 3, 4 и 6 на овој дел, за периодот од 1 октомври 2024 година до 31 август 2025 година е најдоцна до 30 септември 2025 година.

(3) За реализација на мерката од ставот (1) алинеи 1, 2, 3, 4 и 6 на овој дел за периодот од ставот (2) на овој дел, Агенцијата објавува јавни повици за поднесување на барања за исплата на финансиска поддршка до 1 септември 2025 година.

(4) Краен рок за поднесување на барања за исплата на поддршката од ставот (1) алинеја 5 на овој дел, за периодот од 1 мај 2024 година до 31 декември 2024 година е 31 мај 2025 година.

(5) За реализација на мерката од ставот (1) алинеја 5 на овој дел за периодот од ставот (4) од овој дел, Агенцијата објавува јавни повици за поднесување на барања за исплата на финансиска поддршка до 30 април 2025 година.

(6) За реализација на мерката од ставот (1) алинеи 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21 и 22 на овој дел, Агенцијата објавува јавен повик за поднесување на барања за финансиска поддршка до 30 јуни 2025 година.

(7) Корисниците на мерката од ставот (1) алинеја 16 и 17 на овој дел, треба да бидат евидентирани/регистрирани во Агенцијата за храна и ветеринарство и тоа за опрема пред реализација на инвестицијата, а за објекти по реализација на инвестицијата.

(8) Средствата од став (1) на овој дел во износ од 50.000.000 денари се наменети за преземени обврски од реализација на мерка 121 „Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства“ од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

VIII

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 122 „Инвестиции за зголемување на економската вредност на шумите“ од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 71 и 90 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка наменета за инвестиции за одржливо стопанисување со шумите.

(2) Висината на поддршката од ставот (1) на овој дел изнесува до 6.000.000 денари без данок на додадена вредност, останати даноци и јавни давачки.

(3) Поддршката од ставот (1) на овој дел е за наменета за одржливо стопанисување со шумите.

(4) Прифатливи трошоци за инвестиции за мерката од ставот (1) на овој дел се трошоци наменети за набавка на опрема за реализација на активностите предвидени во план и/или програма за стопанисување со шумите и изградба на патишта и чистење на шумите за заштита од пожари.

(5) Корисник на поддршката од ставот (3) на овој дел е Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ П.О. - Скопје.

(6) Висината на поддршката за инвестициите од ставот (3) на овој дел не може да надмине 50% од прифатливите трошоци за реализација на инвестицијата.

IX

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 124 „Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди“ од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 73 и 90 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка за инвестиции за следните намени:

- останати инвестиции наменети за водостопанска инфраструктура;
- системи за снабдување со вода, вклучително и бунари и водопоила на пасишта во државна сопственост;
- електрификација на пасиштата во државна сопственост (освен за громобрани на пасишта);
- инфраструктура за пристап до пасиштата во државна сопственост;
- изградба и/или реконструкција на придружни објекти на пасишта во државна сопственост;
- инфраструктура за пристап до земјоделското земјиште;
- консолидација на земјоделско земјиште и
- санација и модернизација на силоси во државна сопственост.

(2) Корисник на средствата од ставот (1) алинеја 1 на овој дел е Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија - Скопје и јавните водостопански претпријатија.

(3) Корисник на средствата од ставот (1) алинеи 2, 3, 4 и 5 на овој дел е Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта – Скопје.

(4) Корисник на средствата од ставот (1) алинеја 6 на овој дел се единиците на локалната самоуправа.

(5) Корисник на средствата од ставот (1) алинеја 7 на овој дел е Министерството.

(6) Корисник на средствата од ставот (1) алинеја 8 на овој дел е Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-Берза – Скопје.

(7) Средствата за инвестициите од став (1) алинеите 6 и 8 на овој дел ги спроведуваат корисниците од ставовите (4) и (6) на овој дел по пат на јавна набавка.

(8) Финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел се доделува во висина на износот утврден согласно договорите за јавна набавка.

(9) Финансиска поддршка по барање на корисникот може да се додели согласно со фазите на реализација на инвестицијата.

(10) Дел од средствата од ставот (1) на овој дел во износ од 850.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката 124 „Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството" од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

X

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 126 „Инвестиции за реструктуирање на земјоделски стопанства“ од оваа програма се спроведуваат согласно член 70-а, 90, 91 и 93-а од Законот за земјоделство и рурален развој за зголемување на производните капацитети на земјоделските стопанства.

(2) Корисникот на поддршката од ставот (1) на овој дел е семејно земјоделско стопанство регистрирано во ЕРЗС и чиј носител е на возраст до 50 години на денот на поднесување на барањето за финансиска поддршка.

(3) Поддршката од став (1) на овој дел е наменета за поддршка на земјоделски стопанства кои одгледуваат од 101 до 300 грла овци и/или од 5 до 10 грла крави.

(4) Поддршката од ставот (1) на овој дел е наменета за инвестиции во купување на земјоделско земјиште, набавка на живи животни, изградба и реконструкција на објекти и набавка на механизација и опрема и за користење на советодавни услуги во земјоделството.

(5) Поддршката од ставот (1) на овој дел може да се додели во вид на авансна исплата до 40% од вкупната вредност на одобрениот износ, а остатокот од неповратната финансиска поддршка се исплаќа по реализација на инвестицијата.

(6) Земјоделските стопанства кои се корисници на ИПАРД програмата за ист тип на инвестиција, не можат да бидат корисници на финансиска поддршката од став (1) на овој дел.

(7) Висината на поддршката од ставот (1) на овој дел изнесува до 70% од прифатливите и направени трошоци за реализација на инвестицијата.

(8) Поддршката се реализира преку деловен план на земјоделското стопанство со кој се предвидуваат инвестициони активности за период од најмногу три години, соодветни на планираното зголемување на производните капацитети на земјоделското стопанство за инвестиции од став (3) на овој дел.

(9) Земјоделските стопанства кои се корисници на инвестициите од ставот (4) на овој дел треба најмалку три последователни години да имаат пријавени капацитети од ставот (3) на овој дел пред започнување на инвестицијата, а до крајот на завршување на инвестицијата согласно деловниот план од став (8) на овој дел, големината на новите капацитети треба да се поголеми од почетните најмалку за 50%.

XI

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 131 „Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност“ од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 74, 90 и 91 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка за следните намени:

а) За воспоставување на земјоделската задруга не постара од 12 месеци од денот на основање на земјоделската задруга до денот на објавување на јавен повик за доставување на барања за исплата на средства (подмерка 131.1):

- трошоци за воспоставување на земјоделската задруга (адвокатски трошоци, нотарски трошоци, административни трошоци);
- трошоци за закуп на канцелариски деловен простор за работа на земјоделската задруга за период не подолг од 36 месеци;
- трошоци за набавка на компјутерска опрема, канцелариски мебел и компјутерски софтвер за планирање, управување, следење и контрола;

б) За функционирање на земјоделските задруги (подмерка 131.1):

- бруто-плата за едно вработено лице  во земјоделската задруга со висина на износ не поголема од просечната месечна исплатена бруто-плата по вработен во Република Северна Македонија;
- услуги од трети лица за водење на сметководство и ревизија на работењето на земјоделската задруга;
- услуги за изработка и одржување на интернет-страница;

в) За инвестиции за унапредување на физичкиот потенцијал на земјоделската задруга (подмерка 131.2) и тоа за:

- трактори;
- култиватори или мото-култиватори;
-опрема и приклучна механизација за припрема на почвата, садење или за берење/собирање/ жнеење и транспорт;
-генератори и агрегати за обезбедување на електрична енергија на земјоделското земјиште;
-градежни материјали и елементи за конструкција на бунари и други зафати на површинска вода за наводнување на земјоделскиот имот на корисникот;
- системи за наводнување;
- хидротехничка опрема за одржување на системите за наводнување;
- опрема за загревање и климатизирање на заштитни простори;
- конструкции за поставување на заштитни мрежи и фолии;
- заштитни мрежи и фолии;
- системи против замрзнување (антифрост системи);
- навигациони системи за механизиација и комбајни;
- опрема за производство на амбалажа за постбербени активности;
- опрема за складишни капацитети;
- електрични огради за заштита од дивеч;
- опрема за пластеници и стакленици (вклучително и Хидропоника и/или Аеропоника);
- опрема за производство на енергија од обновливи извори за потребите на земјоделската задруга;
- градежни материјали и елементи за конструкција на капацитети за постбербени активности или купување на постоечки објект за постбербени активности;
- градежни материјали и елементи за конструкција на заштитни објекти за сместување на механизацијата и опремата;
- градежни материјали и елементи за конструкција на расадници со опрема за микроклиматски услови;

- услуги од трети лица за надзор и изведување на градежни работи;
- услуги од трети лица за инсталирање на опремата вклучително и софтвер и
- услуги од трети лица за изработка на студии, елаборати, планска и техничка документација.

(2) Висината на поддршката за прифатливите трошоци од ставот (1) на овој дел по корисник изнесува:

- за прифатливите трошоци од ставот (1) точка а) на овој дел до 100% од направените трошоци;
- за прифатливите трошоци од ставот (1) точка б) алинеја 1 на овој дел до 60% од направените трошоци;
- за прифатливите трошоци од ставот (1) точка б) алинеи 2 и 3 на овој дел до 100% од направените трошоци;
- за прифатливите трошоци од ставот (1) точка в) на овој дел до 90% од вкупната вредност на набавката и
- поддршката за прифатливи трошоци од став (1) точка а) алинеја 3 на овој дел се исплаќа еднократно.

(3) Поддршката од ставот (1) точка б) на овој дел се однесува на трошоци настанати во земјоделските задруги за период на 2023, 2024 и 2025 година.

(4) Поддршката од ставот (1) точка в) на овој дел се доделува врз основа на одобрен деловен план изготвен за плански период од најмалку пет години.

(5) Дополнителни барања за поддршката од став (1) точка в) на овој дел се:

- одлука на земјоделската задруга за потребата од инвестиции донесена согласно Статут и
- исплата на плата за еден вработен во земјоделската задруга за претходната година или за новоформираните земјоделски задруги исплата на плата за тековната година сметано од денот на основање на земјоделската задруга до денот на објавување на јавниот повик за поднесување на барања за финансиска поддршка.

(6) За реализација на мерката од ставот (1) точка в) на овој дел, Агенцијата објавува јавен повик за поднесување на барања за финансиска поддршка до 30 март 2025 година.

(7) Дел од средствата од ставот (1) на овој дел во износ од 3.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката 131 „Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност" од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XII

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 213 „Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики" од оваа програма се спроведува согласно член 78 од Законот за земјоделство и рурален развој за надомест на трошоци за одржување на висински пасишта и ливади и поддршка на традиционалното сточарство како неповратна финансиска поддршка и тоа:

- во висина од 100% од исплатената просечна нето-плата во Република Северна Македонија во период од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година, како трошок за чување и напасување на добитокот (овци, кози и/или говеда) на пасишта и ливади, односно регистрирани одгледувалишта кои се наоѓаат во населени места со надморска висина еднаква или повисока од 700 метри;
- во висина од 60% од исплатената просечна нето-плата во Република Северна Македонија во период од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година, како трошок за чување и напасување на добитокот (овци, кози и/или говеда) на пасишта и ливади, односно регистрирани одгледувалишта кои се наоѓаат во населени места со надморска висина пониска од 700 метри;

- во висина од 100% од исплатената просечна нето – плата во Република Северна Македонија во период од 1 јануари 2024 година до 31 декември 2024 година, како трошок за чување и напасување на добитокот (овци, кози и/или говеда) на пасишта и ливади, односно регистрирани одгледувалишта кои се наоѓаат во населени места со надморска висина еднаква или повисока од 700 метри и

- во висина од 60% од исплатената просечна нето - плата во Република Северна Македонија во период од 1 јануари 2024 година до 31 декември 2024 година, како трошок за чување и напасување на добитокот (овци, кози и/или говеда) на пасишта и ливади, односно регистрирани одгледувалишта кои се наоѓаат во населени места со надморска висина пониска од 700 метри.

(2) За помошта од ставот (1) на овој дел, бројот на вработени лица за кои се пресметува поддршката е:

- одгледување на овци за едно вработено лице на 150 овци;
- одгледување на кози за едно вработено лице на 100 кози и
- одгледување на говеда за едно вработено лице на 50 говеда.

(3) Бројот на вработени лица за кои е исплатена поддршката треба да е ист најмалку една година по годината за која е исплатена поддршката.

(4) За реализација на мерката од ставот (1) алинеи 1 и 2 на овој дел, Агенцијата објавува јавен повик за поднесување на барања за исплата на финансиска поддршка до 31 март 2025 година.

(5) За реализација на мерката од ставот (1) алинеи 3 и 4 на овој дел, Агенцијата објавува јавен повик за поднесување на барања за исплата на финансиска поддршка до 30 јуни 2025 година.

(6) Висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник на мерката од ставот (1) на овој дел изнесува не повеќе од 620.000 денари годишна нето-плата по вработено лице.

XIII

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 214 „Помош за вршење на земјоделска дејност за заштита и унапредување на животната средина“ од оваа програма се спроведуваат согласно член 78 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка за следните намени:

- активности за воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните земјоделски растенија и обезбедување на задолжителни генетски резерви;

- воспоставување, следење и анализирање на состојбите со автохтоните раси на добиток и чување и обезбедување на задолжителни генетски резерви на автохтоните раси на добиток и

- зачувување на генетската разновидност на автохтони раси на добиток (говедо-буша, овца - праменка (каракачанска, овчеполска и шарпланинска овца), коза – балканска коза, куче–овчарско куче шарпланинец, овчарско куче караман и бивол – домашен бивол) и

(2) Средствата од ставот (1) алинеи 1 и 2 на овој дел ги спроведува Министерството за исплата на субјектите на кои им е доделена јавна услуга или овластување согласно со прописите од областа на зоотехниката, семе и саден материјал, здравје и заштита на растенијата и земјоделство и рурален развој.

(3) Средствата од ставот (1) на овој дел во износ од 5.994.400 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерка 214 „Помош за вршење на земјоделска дејност за заштита и унапредување на животната средина“ од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XIV

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 322 „Обнова и развој на селата“ од оваа програма се спроведуваат согласно член 86, 90 и 92 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка за инвестиции за следните намени:

- изработка на урбанистички планови за населени места – села;
- инвестиции за изградба и/или реконструкција на селски улици (вклучително и атмосферска канализација и пешачки елементи) во должина до 1 км и
- инвестиции за изградба и/или реконструкција на плоштади, зелени површини и/или шеталишта во рурални средини до 30.000 жители.

(2) Корисници на средствата од ставот (1) на овој дел се единиците на локалната самоуправа утврдени како рурална средина, единиците на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа руралната средина за која се однесува инвестицијата согласно Законот за земјоделство и рурален развој и Центрите за развој на планските региони утврдени согласно Законот за рамномерен регионален развој (*), за инвестиции во рурални средини.

(3) Финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел се доделува во висина од 100% од вкупната вредност на прифатливите трошоци и се исплаќа во висината на износот утврден согласно договорите за јавна набавка склучени од корисниците од ставот (2) од овој дел.

(4) Финансиска поддршка од ставот (1) на овој дел по барање на корисникот може да се додели во вид на авансна исплата во висина од 20% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци или на две рати или согласно со фазите на реализација на инвестицијата врз основа на најмногу три времени ситуации од надзор или документација за набавка на опрема.

(5) Средствата од ставот (1) на овој дел во износ од 2.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на мерката 322 „Обнова и развој на селата“ од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XV

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 412 „Воспоставување на локални акциски групи (ЛАГ)“ од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 89 и 90 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка.

(2) Висината на поддршката за прифатливите трошоци со вклучени даноци по корисник на мерката од ставот (1) на овој дел не може да изнесува повеќе од 1.000.000 денари, при што не повеќе од 700.000 денари за набавка на услуги поврзани со работата на ЛАГ и не повеќе од 300.000 денари за закуп, одржување на простории и канцелариски материјали за работа на ЛАГ.

XVI

(1) Средствата од делот II став (1) од табелата мерка 413 „Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини“ од оваа програма се спроведуваат согласно членовите 87 и 90 од Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка.

(2) Корисник на поддршката од ставот (1) на овој дел е ЛАГ основан согласно член 89 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(3) Стратегиите за локален развој на рурални средини од ставот (1) на овој дел треба да ги исполнуваат условите утврдени во член 88 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(4) Висината на поддршката за прифатливите трошоци со вклучени даноци по корисник на мерката од ставот (1) на овој дел е до 800.000 денари, но не повеќе од 40% по поединечен проект.

XVII

(1) Средствата од делот II став (2) од табелата точка 1 „Техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој“ од оваа програма се спроведуваат согласно член 101 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(2) Средствата од дел II став (2) потточка 1.1 „Промотивни активности од областа на земјоделството и руралниот развој во Република Северна Македонија“ од оваа програма се наменети за организирање на локални манифестации и саеми од областа на земјоделството и руралниот развој на територијата на Република Северна Македонија, кои се спроведуваат согласно член 3 од Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Уредбата), а за организирање на манифестации (саеми, научно-стручни собири и изложби) од областа на земјоделството и руралниот развој од регионално и меѓународно значење на територијата на Република Северна Македонија и за организирање на саеми од областа на земјоделството и руралниот развој за промоција на производи од територијата на Република Северна Македонија, средствата се наменети за:

- „Саем - Вкуси ја традицијата преку домашна здрава храна“-Скопје;
- Денови на македонското ловство;
- Храната во општините;
- 5-ти меѓународен симпозиум за земјоделство и храна (ISAF 2025);
- Vranec World Day 2025;
- III – Меѓународен фестивал за оценување на ракии и други жестоки алкохолни пијалоци „Тиквешка ракијада“-2025;
- IX–Интернационална дегустација и оценување на вина произведени од регистрирани производители, мали семејни винарии, домашни индивидуални производители и странски винарии и производители – Св. Трифун-2025;
- Ден на станушината и
- Стручно предавање и работилница од областа на урбано шумарство: Вовед во Мијаваки методот.

(3) Дел од средствата од ставот (2) на овој дел во износ од 540.000 денари се наменети за спроведување на започнати постапки и неподмирени обврски за потточка

1.1 „Организирање и спроведување на манифестации и саеми за промоција на земјоделски производи во Република Северна Македонија“ од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година.

(4) Средствата од делот II став (2) потточка 1.2 „Учество на саеми и организација на промотивни настани вон Република Северна Македонија“ која се спроведува согласно член 4 од Уредбата, се наменети за трошоци за учество на саеми и организација на промотивни настани вон Република Северна Македонија за периодот од 1 јануари 2025 година до 31 декември 2025 година и тоа за:

| | Назив на саемот/ промотивниот настан | Локација | Период на одржување |
|---|---|---|---|
| 1 | Агро Београд | Белград, Србија | 30.01.-01.02.2025 година |
| 2 | PLMA’S | Амстердам, Холандија | 20-21.05.2025 година |
| 3 | ANUGA | Келн, Германија | 04-08.10.2025 година |
| 4 | ADIFE | Абу Даби, ОАЕ | ноември 2025 година |
| 5 | WINEXPO PARIS | Париз, Франција | 10-12.02.2025 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6 | PROWEIN | Дизелдорф, Германија | 16-18.03.2025 година |
| 7 | Winexpo America | Мајами, САД | 07-08.05.2025 година |
| 8 | LONDON WINE FAIR | Лондон, Обединето Кралство | 19-21.05.2025 година |
| 9 | China International Import Expo | Шангај, Кина | ноември 2025 година |
| 10 | Fruit Logistika | Берлин, Германија | 05-07.02.2025 година |
| 11 | Fruit Attraction | Мадрид, Шпанија | 30.09-02.10.2025 година |
| 12 | Отворен Балкан, Wine Vision | Белград, Србија | 22-24.11.2025 година |
| 13 | Food Expo Athens 2025, Metropolitan Expo Atens | Атина, Грција | 08-10.03.2025 година |
| 14 | Промотивни настани за промоција на земјоделско-прехрамбени производи | ЕУ, Земји на Отворен Балкан | 2025 година |

(5) Дел од средствата од ставот (4) на овој дел во износ од 2.014.062 денари се наменети за спроведување на започнати постапки и неподмирени обврски за потточка 1.2 „Учество на саемски манифестации и саеми на земјоделски производители и преработувачи вон Република Северна Македонија“ од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2024 година.

(6) Средствата од делот II став (2) потточка 1.3 „Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи” од оваа програма се спроведуваат согласно член 5 од Уредбата, а подмерката „трошоци за учество на меѓународни и регионални натпревари за вино на кои е освоена специјализирана награда, златен и сребрен медал“ се наменети за следните натпревари и видови на награди:

| Натпревар | Специјализирана награда | Златен медал | Сребрен медал |
|---|---|---|---|
| *1. Меѓународни натпревари:* | | | |
| a. Decanter UK / Asia | Platinum - Best in Show<br>Platinum | да | да |
| b. London International Wine Challenge | Trophy<br>Champion of Champions’ Trophy -<br>Great Value Champion Awards<br>Own Label Awards<br>Planet Earth Awards<br>Champion Wine Awards<br>-IWC Special Awards<br>National Trophy<br>International Varietal Trophy<br>Varietal Trophy<br>Regional Trophy | да | да |
| c. Mundus Vini (Spring / Summer) | Grand Gold<br>Best of Show | да | да |
| d. Citadelles du Vin | - Special Prize North Macedonia | да | да |
| e. International Wine Challenge AWC Vienna | Best red wine of the year<br>Best white wine of the year<br>Best sweet wine of the year<br>Best sparkling wine of the year | да | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| f. Concours Mondial de Bruxelles | Grand Gold<br>Revelations | да | / |
| g. China Wine and Spirits Awards | Trophy<br>Best Value<br>Double Gold | да | / |
| h. Japan wine awards SAKURA | Diamond Trophy<br>Double Gold | да | да |
| i. International Wine and Spirit Competition IWSC | - Trophy award | да | да |
| *2. Регионални натпревари:* | | | |
| 2.1. Balkans International Wine Competition BIWC | Grand Trophy best wine in the Balkans<br>Trophy dry white wine<br>Trophy dry red wine<br>Trophy dry rose wine<br>Trophy sparkling wine<br>Trophy dessert wine<br>Trophy orange wine<br>Trophy semi dry wine<br>Trophy semi sweet wine<br>Trophy special wine<br>Trophy organic wine<br>Trophy indigenous white wine<br>Trophy indigenous red wine<br>Trophy indigenous dessert wine<br>Best of Show North Macedonia<br>Double Gold | да | / |

(7) За реализација на поддршката од ставот (6) на овој дел, односно за подмерката 1.3.5 „трошоци за амбалажа за земјоделски производи и преработени земјоделски производи“ Агенцијата објавува јавни повици за периодот од:

- 1 јануари 2025 година до 30 јуни 2025 година, со краен рок на поднесување на барања за исплата на финансиска поддршка до 15 август 2025 година и

- 1 јули 2025 година до 31 декември 2025 година, со краен рок на поднесување на барања за исплата на финансиска поддршка до 15 февруари 2026 година.

(8) Дел од средствата од ставот (6) на овој дел во износ од 2.900.000 денари се наменети за спроведување на започнати постапки и неподмирени обврски за потточка 1.3 „Помош за маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи“ од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

(9) Средствата од делот II став (2) потточка 1.4 „Изработка и публикување на едукативни, информативни, научни, пропагандни и стручни материјали, публикации и списанија” од оваа програма се реализираат согласно член 6 од Уредбата.

(10) Средствата од дел II став (2) потточка 1.5 „Спроведување на истражувања, изработка на анализи, предлог-проекти, студии и стратешки документи од областа на земјоделството и руралниот развој“ од оваа програма се реализираат согласно член 7 од Уредбата.

(11) Средствата од дел II став (2) потточка 1.6 „Инвестициони вложувања за воспоставување на научно-демонстративни примери“ од оваа програма се реализираат согласно член 8 од Уредбата.

(12) Дел од средствата од ставот (11) на овој дел во износ од 34.000.000 денари се наменети за спроведување на започнати постапки и неподмирени обврски за потточка 1.6 „Инвестициони вложувања за воспоставување на научно-демонстративни примери“ од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2024 година.

(13) Средствата од дел II став (2) потточка 1.7 „Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој“ од оваа програма се реализираат согласно член 10 од Уредбата.

(14) Дел од средствата од ставот (13) на овој дел во износ од 30.000.000 денари се наменети за спроведување на започнати постапки и неподмирени обврски за потточка 1.7 „Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој“ од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XVIII

(1) Средствата од делот II став (2) од табелата точка 2 „Субвенционирање на каматна стапка’’ од оваа програма, се спроведуваат согласно член 98-а од Законот за земјоделство и рурален развој.

(2) Средствата од ставот (1) на овој дел во износ од 20.000.000 денари се наменети за неподмирени обврски од реализација на точката 2 „Субвенционирање на каматна стапка“ од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој од претходните години.

XIX

Средствата од делот II став (2) од табелата точка 3 „Активности на Националната рурална мрежа“ се спроведуваат согласно член 26-а од Законот за земјоделство и рурален развој и Уредбата за воспоставувањето, организацијата, членството и работата на Националната рурална мрежа на Република Северна Македонија.

XX

(1) За реализација на мерките од оваа програма Агенцијата објавува јавни повици за поднесување на барања за користење на финансиска поддршка или барања за исплата на финансиска поддршка до 30 ноември 2025 година.

(2) Еден корисник поднесува посебно барање за секоја мерка во оригинал. Еден корисник може да поднесе најмногу две барања за користење на финансиска поддршка по различни мерки од оваа програма, освен за мерката 131 од делот II став (1) од оваа програма каде може да поднесе најмногу две барања.

(3) По исклучок на ставот (2) на овој дел, за мерките 321, 322 и 323 од делот II став (1) од оваа програма, еден корисник може да поднесе само по едно барање за една од мерките.

(4) Рокот за реализација на средствата од оваа програма е согласно утврдената динамика за реализација на средствата во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година.

XXI

Оваа програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-814/5
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.